По повод 24 Мај - Денот на сесловенските просветители, Општина Ново Село објавува:

К О Н К У Р С
за добитници на признанието
Најуспешен просветен работник на годината **за учебната 2024/2025 година**

На повикот може да се пријават сите просветни работници на територија на општина Ново Село кои ги исполнуваат следните услови:

- **Општи услови**

1.Да применува иновативни наставни практики во воспитно-образовниот процес;

2.Да придонесува за подобрување и унапредување на образовната дејност;

3.Да ги подготвува учениците да станат активни и одговорни граѓани во локалната заедница и општество.

- **Посебни услови**

1.Да е вработен во воспитно-образовна установа на територија на општина Ново Село, верифицирана со акт од Министерство за образование и наука, најмалку 5 години;

2.Да има добиено потврди за менторство во последните 5 години од акредитирани здруженија на наставници на наградени ученици на општински, регионален, државен и меѓународен натпревар за предмети согласно наставните планови и програми за воспитно-образовната дејност во основно образование;

3.Да има остварени резултати во слободните активности, дополнителната или додатна настава со учениците;

4.Да учествува во реализација на проекти, едукативни семинари и да се стекнал со сертификати;

5.Да зема активно учество на стручни расправи, конференции, симпозиуми, манифестации, научни собири, конгреси, одбележувања и сл.;

6.Да приложи докази за авторски трудови поврзани со воспитно-образовниот процес;

7.Да приложи докази за авторство на дополнителни трудови од областа на културата, уметност и пошироко;

8.Да има збогатена биографија / CV во која ќе бидат наведени целокупните достигнувања во областа на образованието, културата, уметноста и пошироко во последните 5 години (благодарници, пофалници, потврди, дипломи, сертификати);

9.За својата работа да добил признание или звање од Министерство за образование и наука или Биро за развој на образование;

10.Да не е на раководна функција во момент на аплицирање (директор на образовна институција).

- Бодирањето од натпревари, литературни и ликовни конкурси, учество и координација на општински / државни / меѓународни проекти, семинари, конференции, симпозиуми и сл., но и докажувањето на авторски трудови од областа на образованието, културата, уметноста и пошироко и стекнатите признанија или звања ќе биде на следниот начин:

Вид натпревар, конкурс, сертификат, авторство или признание/звање	**Освоено место**	**Бодирање**
Општински натпревар или конкурс (литературен, ликовен)	Прво место	3 бода
Општински натпревар или конкурс (литературен, ликовен)	Второ место	2 бода
Општински натпревар или конкурс (литературен, ликовен)	Трето место	1 бод
Регионален натпревар или конкурс (литературен, ликовен)	Прво место	6 бода
Регионален натпревар или конкурс (литературен, ликовен)	Второ место	5 бода
Регионален натпревар или конкурс (литературен, ликовен)	Трето место	4 бода
Државен натпревар или конкурс (литературен, ликовен)	Прво место	9 бода
Државен натпревар или конкурс (литературен, ликовен)	Второ место	8 бода
Државен натпревар или конкурс (литературен, ликовен)	Трето место	7 бода
Меѓународен натпревар или конкурс (литературен, ликовен)	Прво место	12 бода
Меѓународен натпревар или конкурс (литературен, ликовен)	Второ место	11 бода
Меѓународен натпревар или конкурс (литературен, ликовен)	Трето место	10 бода

Сертификати за учество во општински проекти, семинари, конференции, симпозиуми и сл.	/	1 бод
Сертификати за учество во државни проекти, семинари, конференции, симпозиуми и сл.	/	2 бода
Сертификати за учество во меѓународни проекти, семинари, конференции, симпозиуми и сл.	/	3 бода
Сертификати за координација на општински проекти, семинари, конференции, симпозиуми и сл.	/	2 бода
Сертификати за координација на државни проекти, семинари, конференции, симпозиуми и сл.	/	3 бода
Сертификати за координација на меѓународни проекти, семинари, конференции, симпозиуми и сл.	/	4 бода
Доказ за авторски трудови објавени во државни научни списанија или зборници поврзани со воспитно-образовниот процес	/	4 бода
Доказ за авторски трудови објавени во меѓународни научни списанија или зборници поврзани со воспитно-образовниот процес	/	5 бода
Доказ за авторски трудови објавени во државни научни списанија или зборници од областа на културата, уметноста и пошироко	/	4 бода
Доказ за авторски трудови објавени во меѓународни научни списанија или зборници од областа на културата, уметноста и пошироко	/	5 бода
Добиено признание или звање	/	7 бода

*Добитниците на признанието *Најуспешен просветен работник на годината* немаат право да се пријават на конкурсот во наредните три учебни години.